Врз основа на член 24 став (1) точка 1) алинеја 1 и член 153 став (5) од Законот за енергетика* („Службен весник на Република Македонија“ бр. 96/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 96/19), Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги на Република Северна Македонија на седницата одржана на 12 јули 2021 година, донесе

**ПРАВИЛНИК**

**ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА РЕГУЛИРАЊЕ НА ЦЕНИ ЗА ТОПЛИНСКА ЕНЕРГИЈА И СИСТЕМСКИ УСЛУГИ**

Член 1

Во Правилникот за регулирање на цени за топлинска енергија и системски услуги („ Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 116/19 и 161/20) во членот 22-а во ставот (1), зборовите „ воена, вонредна и/или кризна состојба“ се заменуваат со зборовите „ вонредна состојба“.

Во ставот (2) зборовите „ воената, вонредната и/или кризната состојба“ се заменуваат со зборовите „ вонредната состојба“.

Член 2

Овој правилник влегува во сила со денот на донесувањето, а се објавува во „Службен весник на Република Северна Македонија”.

**Бр. 02-1285/1**
**12.07.2021**
**С к о п ј е**

**Претседател на Регулаторна комисија за енергетика и водни услуги на Република Северна Македонија**

**Марко Бислимоски**

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Со одредбите на член 22-а се уредува постапката и роковите за начинот на работа на Регулаторната комисија за енергетика по однос на барањата за регулирање на цени за топлинска енергија и системски услуги, за тековната година за време на постоење на вонредна, воена и/или кризна состојба.

Со оглед на фактот дека Собранието на Република Северна Македонија заради заштита на јавното здравје во услови на постоење на Пандемија прогласена од Светската Здравствена Организација од заразната болест COVID-19 предизвикана од вирусот SARS-CoV-2 и заради спречување од негово ширење во зголемен обем со што се загрозува безбедноста на здравјето на населението го пролонгираше периодот на примена на кризна состојба ( до крајот на 2021 година), се утврди дека постојното решение за начинот на работа утврдено во член 22-а, е непрактично и доведува до ситуација на правно неопределено одлагање на надлежноста на Регулаторната комисија за енергетика во поглед на регулирање на цени за топлинска енергија и системски услуги, врз основа на што се одлучи дека само во ситуација на прогласена вонредна состојба временскиот период на постапување ќе се одвива согласно наведениот член.